

ИЗДАНИЕ БР.45,
МЕСЕЦ МАРТ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ ВЕ ИЗВЕСТУВА ДЕКА ПОЧНУВАЈЌИ ОД 01.03.2023 ГОДИНА ПА СЕ ДО 01.06.2023 ГОДИНА.

ПЕРСОНАЛИЗИРАНИТЕ КАРТИЧКИ НАМЕСТО 150 ДЕНАРИ, ГРАЃАНИТЕ СО СТАВЕН МИНИМУМ КРЕДИТ ОД 300 ДЕНАРИ ЌЕ ГИ ДОБИВААТ БЕСПЛАТНО. СО ИСТАТА КАРТИЧКА ЌЕ НЕМА НИКАКВА ПРОМЕНИ, ШТО ЗНАЧИ ДЕКА ЦЕНАТА ЗА ЕДНО ВОЗЕЊЕ ОД 40 ДЕНАРИ ЌЕ СЕ НАПЛАЌА 35 ДЕНАРИ, ОД 80 ДЕНАРИ ЌЕ БИДЕ 70, ОД 70 ДЕНАРИ ЌЕ БИДЕ 60, И ОД 60 ДЕНАРИ ЌЕ БИДЕ 50 ДЕНАРИ.




НО ДА НАГЛАСИМЕ, ТОА Е САМО ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕРСОНАЛИЗИРАНИТЕ КАРТИЧКИ.

ПЕРСОНАЛИЗИРАНИТЕ КАРТИЧКИ МОЖЕ ДА СЕ КУПАТ ВО ИНФОРМАТИВНОТО ТУРИСТИЧКО БИРО - ГРАДСКИ ПЛОШТАД .

НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТРИ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ

ПОСТАВЕНИ СЕ 10 КАНДЕЛАБРИ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ТОА КАЈ ПАРКОТ КИРО КРСТЕВ, НА УЛ. ДИСАНСКА И КАЈ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ.





ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ. ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ.

СО ДОГОВОРОТ КОЈ ИЗНЕСУВА 4.002.300 ДЕНАРИ СО ДДВ, СЕ ОПФАТЕНИ ПОВЕЌЕ УЛИЦИ.

ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОБИ НОВИ 16 АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ КАКО ДОНАЦИЈА ОД ГЕРМАНСКАТА КОМПАНИЈА ДРЕКСЛМАЈЕР.
БЛАГОДАРЕНИЕ НА ПОДДРШКАТА ОД ДРЕКСЛМАЈЕР, АВТОБУСКИТЕ ПОСТОЈКИ БЕА ПОСТАВЕНИ НА ТРАСАТА ОД СЕЛО ВАТАША КОН ГЛИШИЌ И МАРЕНА, НО И НА ТРАСАТА КОЈА ЗАПОЧНУВА И ЗАВРШУВА ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ. ПОСТОЈКИТЕ СЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НАКВАЛИТЕТОТ НА СЕКОЈДНЕВНОТО ЖИВЕЕЊЕ И ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ, ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ И ПОДОБАР ЛИК НА ОПШТИНАТА И ПОГОЛЕМА ДОСТАПНОСТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ.





ИНТЕНЗИВНИ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА БУЛЕВАР „МАКЕДОНИЈА“ СО Ф1200 ЦЕВКИ ОД 600 МЕТРИ. ОВА Е ВО СКЛОП НА ВТОРАТА ДЕЛНИЦА ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА УЛ. „ЦВЕТАН ДИМОВ" И БУЛЕВАР „НИКОЛА МИНЧЕВ“ КОИ СЕ ВО СКЛОП НА ДОГОВОР КОЈ ОПФАЌА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ И ИЗНЕСУВА 4.002.300 ДЕНАРИ СО ДДВ.

ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД.





ПО РУШЕЊЕ НА ГАРАЖАТА НА УЛ. КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ СЕ ПРИСТАПУВА КОН ПОСТАВУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, ПО ШТО СЛЕДУВА И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНАТА УЛИЦА

СО ОВА СЕ РЕШАВА ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ НА НЕКОЛКУ СЕМЕЈСТВА, КОИ ДО СЕГА ПРИ ДОЖДОВИ И НЕВРЕМЕ СЕ ПОПЛАВУВАА ЗАРАДИ АТМОСФЕРСКАТА ВОДА.

ИЗВЕДУВАЧ Е ЕЛИН БИЛД СКОПЈЕ.

ЧИСТЕЊЕТО НА ДИВАТА ДЕПОНИЈА ВО ДВОРОТ НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ".



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КАКО И СЕКОЈА ГОДИНА ОВОЈ ПЕРИОД, МОЈ ОПШТИНАР ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, ЗАПОЧНУВААТ СО ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИ, АКЦИЈА КОЈА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД. ДЕНЕСКА СЕ ЧИСТИ ДИВА ДЕПОНИЈА НА УЛ. „ВАСИЛ ДУБРОВ"



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ СЛУЖБАТА МОЈ ОПШТИНАР ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ
СЕ РАБОТОТЕШЕ НА ПОДИГАЊЕ НА ПРВАТА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР, КАЈ ПАМ ТРАК ПАТЕКАТА
АКЦИЈАТА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД!



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПРОДОЛЖУВА ПОШУМУВАЊЕТО НА ОКОЛНИТЕ СЛИВНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ НАОЃААТ НА ИСТОЧНАТА СТРАНА ОД ГРАДОТ КАКО МЕРКА ЗА ЗАШТИТА ОД ЕРОЗИЈА.
СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИ И ПРОФЕСОРИ ОД СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" СЕ НА ТЕРЕН НА ПОШУМУВАЊЕ, СЕ ПОСАДУВААТ САДНИЦИ ОД БАГРЕМ,ЧЕМПРЕС И ЦРН БОР. ОВАА АКЦИЈА ПРОДОЛЖУВА СЕ ДОДЕКА НЕ БИДАТ ЗАСАДЕНИ ВКУПНО СИТЕ 5000 САДНИЦИ.

АКЦИЈАТА ЗА ПОШУМУВАЊЕ ПРОДОЛЖУВА!
ЗАЕДНИЧКО ПОШУМУВАЊЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, АД ВОДОСТОПАНСТВО ТИКВЕШ И СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА СВЛЕЧИШТЕ КАЈ СИФОН ВАТАША, НА МЕСТОТО ВИКАНО БАБИН ДОЛ.
НАСАДЕНИ СЕ ВКУПНО 800 ДРВА БОР И 400 БАГРЕМ





ИЗМИНАТИОВ ПЕРИОД СЕ ВРШЕШЕ СЕЕЊЕ СО ТРЕВНО СЕМЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, И СО ТОА ЗАВРШИ ЦЕЛОСНАТА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИГРАЛИШТЕТО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВИ КАНАЛИЗАЦИОНИ ЦЕВКИ СО ДИЈАМЕТАР Ф500 ВО ДОЛЖИНА ОД 500М НА УЛ. „12 ТЕ ДРУГАРИ" ВО СЕЛО ВАТАША.
ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА Е ДЕЛ ОД ГРАНТОТ ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА, А СО ИСТАТА КАВАДАРЦИ ЌЕ БИДЕ ЦЕЛОСНО ПОКРИЕН СО КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.





ПОСТАВЕНА Е ГЛАВНА ЛИНИЈА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦАТА ЃУРО ЃАКОВИЌ СО НОВИ ЦЕВКИ СО ДИЈАМЕТАР ФИ 300, НА ПОВРШИНА ОД 260 МЕТРИ. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ВРШАТ ПРИКЛУЧОЦИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ШАХТИ.
ЦЕЛАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, ИСТОВРЕМЕНО И ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ.

ПО РУШЕЊЕТО НА ГАРАЖАТА НА УЛ.КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ, СЕ ПОПЛОЧУВАШЕ ПРИСТАПНАТА УЛИЦА СО БЕХАТОН ПЛОЧКИ ОД 8СМ, НА ПОВРШИНА ОД 150М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО Ф 1200 ЦЕВКИ ОД 600 МЕТРИ, НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА. ОВИЕ АКТИВНОСТИ СЕ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ НА КФВ БАНКА,
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ.





РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ВО ДОЛЖИНА ОД 560 МЕТРИ НА УЛ. „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА. ВО НАРЕДНАТА ФАЗА, ЌЕ ЗАПОЧНЕ ИЗГРАДБАТА НА ТРОТОАРИ, ТАМПОНИРАЊЕ И НОВ АСФАЛТ. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, А И САМОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ Е ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ.

РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН. ПОСТАВЕНА Е ЗАШТИТНА ОГРАДА НА НЕКОЛКУ КРИТИЧНИ МЕСТА ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕН НА ПРОЛЕТТА, ДЕН НА ШУМИТЕ!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СОЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И ЕКО ЖИВОТ СО ЗАЕДНИЧКО ПОШУМУВАЊЕ НА ГЛИШИЧКИ РИД ГО ОДБЕЛЕЖАА ПРВИОТ ПРОЛЕТЕН ДЕН.
СО ОВА ПОШУМУВАЊЕ СЕ ЗАОКРУЖУВА ПОВЕЌЕДНЕВНАТА АКЦИЈА НА ГЛИШИЧКИ РИД.





ЦЕЛОСНО Е ЗАВРШЕНО НОВОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ НА КОЕ БЕШЕ ПОСТАВЕНА ПОДНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, СЕ МОНТИРАА НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И НОВА УРБАНА ОПРЕМА
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП М И М!
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ИЗРАБОТЕНИ СЕ НОВИ 1000 МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА, ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА КОИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ ВО НАРЕДНИТЕ НЕКОЛКУ ДЕНОВИ, НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

СЕ ЗАПОЧНА СО ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ НА УЛ. БЕЛАСИЦА. ОВА ПОПЛОЧУВАЊЕ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



КОНТИНУИРАНО СЕ ВРШИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА НИСКО НАПОНСКА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОТЕГОТ НА ИЗЛЕЗОТ ОД СЕЛО ВАТАША И ПОЧЕТОКОТ НА ВЕЛОСИПЕДСКО - ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА.

ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ КАКО И ВКУПНО 30 КАНДЕЛАБРИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА, ОД КОИ 15 СЕ ПОСТАВЕНИ НА ОВОЈ ПОТЕГ. СО ОВА ПОСТАВУВАЊЕ Е ИЗВРШЕНО ЦЕЛОСНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОВОЈ ДЕЛ ОД ПАТЕКАТА



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. КАЛНИЦА Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА
ИСТОТО Е СО НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА И ОГРАДУВАЊЕ, А СЕ ПОСТАВИЈА РЕПАРИРАНИ И НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП М И М, А ИНВЕСТИЦИЈАТА ЧИНИ 840.000 ДЕНАРИ.



ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА, НА ПРИСТАПНИТЕ ПАТЕКИ СЕ ПОСТАВИЈА ОГРАДИ ОДНОСНО ПОМОШНИ ПОМАГАЛА ЗА ПОВОЗРАСНИ ЛУЃЕ И ЛУЃЕ СО ПОТЕШКОТИИ ВО ДВИЖЕЊЕТО СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНО И НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА ИСТИТЕ
ИСТИ ВАКВИ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ УШТЕ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.
ОВА Е ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ.





ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА ТРОТОАРОТ ПРЕД ООУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ". ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЦЕЛОСНО Е ЗАВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С.БЕГНИШТЕ СО ПОВРШИНА ОД 100М2. НА ИГРАЛИШТЕТО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА БЕТОН ГРУП М И М.





КОМПЛЕТНО Е ЗАВРШЕНА ИЗГРАДБАТА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ВАТАША НА ПОВРШИНА ОД 300М2, СО ГУМЕНА ПОДЛОГА НА КОЈА СЕ ПОСТАВЕНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И ПАРАПЕТНО ЅИДЧЕ ОД СТРАНАТА НА РЕКАТА ЗАРАДИ ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ. ИСТОВРЕМЕНО ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е И ИЗГРАДБАТА НА МИНИ ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ ОД 150 М2 СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА.

ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП, А ИНВЕСТИЦИЈАТА Е 1.800.000ДЕН.

КОМПЛЕТНО Е ЗАВРШЕНО И ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. КАЛНИЦА.
ИСТОТО Е СО НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА И ОГРАДУВАЊЕ, ПОСТАВЕНИ СЕ РЕПАРИРАНИ И НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП М И М, А ИНВЕСТИЦИЈАТА ЧИНИ 840.000 ДЕНАРИ.



# СПОРТ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СРЕДБА СО РАКОВОДСТВОТО И РАКОМЕТАРИТЕ НА ГРК ТИКВЕШ 2014 КАВАДАРЦИ.



ТИЕ МУ СЕ ЗАБЛАГОДАРИЈА ЗА БЕЗРЕЗЕРВНАТА ПОДДРШКА КОЈА ТОЈ ЈА ДАВА КАКО ЧОВЕК И ГРАДОНАЧАЛНИК, А И СЕКАКО НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КОЈА ПРЕКУ РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗНАЧИТЕЛНО ГИ ПОДОБРИ УСЛОВИТЕ ЗА МЛАДИТЕ И СПОРТОТ ВО КАВАДАРЦИ.
ПО ТОЈ ПОВОД КАКО БЛАГОДАРНОСТ ОД НИВНА СТРАНА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДОБИ УНИКАТЕН ПОДАРОК ОДНОСНО ДРЕС СО ПОСВЕТА: „ОВОЈ ТИКВЕШ НЕ БИ БИЛ ОНАМУ КАДЕ ШТО Е ДА НЕ СТЕ ВИЕ, ЗА СЕ ШТО НАПРАВИВТЕ И ПРАВИТЕ, ЗА РАКОМЕТНО КАВАДАРЦИ, ЗА СПОРТСКО КАВАДАРЦИ"



ОД СРЦЕ ВИ БЛАГОДАРИМЕ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ВО ОВАА ПРИЛИКА ТОЈ ИМ ЧЕСТИТАШЕ ЗА ДОСЕГАШНИТЕ УСПЕСИ, И ИМ ПОСАКА МНОГУ СРЕЌА ВО ИДНИНА БИДЕЈЌИ СЕ СЕРИОЗЕН КАНДИДАТ ЗА ИЗЛЕЗ ВО ЕВРОПА, ДА ПРОДОЛЖАТ ДА СЕ РЕДАТ УСПЕСИ БИДЕЈЌИ КАВАДАРЦИ Е СПОРТСКИ ГРАД, А КЛУБОТ ЗАСЛУЖУВА И СИТЕ НАСТОЈУВАЊА ЌЕ БИДАТ И ВО ИДНИНА ДА СЕ НАТПРЕВАРУВА ВО НАЈВИСОКАТА РАКОМЕТНА ЛИГА.



НА ИНИЦИЈАТИВА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ А ВО СОРАБОТКА СО ФФМ, ЗАВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ОДНОСНО ДОГРАДБАТА НА ИСТОЧНАТА И ЈУЖНА ТРИБИНА, ПОКРИЕНИ СО КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН ТИКВЕШ. ПО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА, НА СТАДИОНОТ БЕА ПОСТАВЕНИ 2000 НОВИ СТОЛЧИЊА ЗА НАВИВАЧИТЕ И СЕКАКО ЗА ОСТАНАТИТЕ ЉУБИТЕЛИ НА ФУДБАЛОТ ВО КАВАДАРЦИ.
ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ФФМ, А ВОЕДНО И ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ФУДБАЛОТ ВО КАВАДАРЦИ, И ВООПШТО ВО МАКЕДОНИЈА.
СТАДИОНОТ ДОБИ СОСЕМА НОВ ЛИК КАКО ШТО И МУ ДОЛИКУВА НА НАШИОТ ГРАД.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е БАУЕР ОД СКОПЈЕ.



# СПОРТ

## ИЗБОР НА СПОРТИСТ ЗА 2022 ГОДИНА

ВО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" СЕ ОДРЖА МАНИФЕСТАЦИЈАТА - ИЗБОР НА СПОРТИСТ ЗА 2022 ГОДИНА ВО ПРИСУСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗОТ НА СПОРТОВИ, ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СИТЕ СПОРТИСТИ,ТРЕНЕРИ,ПРИЈАТЕЛИ НА СПОРОТ, ВЉУБЕНИЦИ И ПОМАГАТЕЛИ.





КАВАДАРЦИ ОД СЕКОГАШ БИЛ СПОРТСКИ ГРАД, МЕЃУТОА ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ, ЛИЧНО ЈАС, НО И КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК СЕ ТРУДАМ ДА ПОМОГНАМ ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ БУКВАЛНО ВО СЕКОЈ ЕДЕН СПОРТ КОЈ УСПЕШНО СЕ РАЗВИВА И КОНТИНУИРАНО РАСТЕ ВО НАШИОТ ГРАД.

ВЕТУВАМ ДЕКА СЕ ДОДЕКА СУМ ГРАДОНАЧАЛНИК, НО И ПОСЛЕ ТОА, ЌЕ СЕ ТРУДАМ МАКСИМАЛНО ДА ВЛОЖУВАМ И ДА СЕ ЗАЛАГАМ ВО СПОРТОТ, ЗА СИТЕ НИЕ ДА ПРОДОЛЖИМЕ ДА БИДЕМЕ ГОРДИ НА НАШИТЕ ДЕЦА, НА НАШИТЕ СОГРАЃАНИ. БИДЕЈЌИ СПОРТОТ Е ЕДНА ОД НАЈВАЖНИТЕ АЛАТКИ ВО ПСИХОФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА И ВООПШТО И ЗА СИТЕ.

ЧЕСТИТКИ И БЛАГОДАРНОСТ НА СИТЕ КАТЕГОРИИ НА СПОРТИСТИ, ЗА НИВНИТЕ ТРЕНЕРИ, ЗА НИВНИОТ ПРИДОНЕС И ЗАЛОЖБИ ЗА ОСВОЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ, МЕДАЛИ ЗА СИТЕ ТАЛЕНТИ ЈУНИОРИ И СЕНИОРИ.

ПРОДОЛЖЕТЕ СО ИСТО ТЕМПО, ИМА И ЗА ШТО!

ЈАС СЕ ГОРДЕАМ СО ВАС, КАВАДАРЦИ СЕ ГОРДЕЕ!

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Д-Р МИТКО ЈАНЧЕВ.

## ОФИЦИЈАЛЕН СТАРТ НА ПЕТТОТО ИЗДАНИЕ НА УЛИЧНАТА ПОЛУМАРАТОНСКА ТРКА „КАВАДАРЕЧКИ ПОЛУМАРАТОН"

ОВАА ГОДИНА ИМАМЕ ЧЕСТ ДА БИДЕМЕ ДОМАЌИНИ НА НАД 420 ПРИЈАВЕНИ ТРКАЧИ ОД ЦЕЛАТА ЗЕМЈА. НО, ОСОБЕНА ЧЕСТ НИ ПРЕТСТАВУВА И ФАКТОТ ШТО ОВА Е ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД КАДЕ НА ТРКАТА ЗЕМАА УЧЕСТВО И ДЕЦА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ.

КАВАДАРЕЧКИ ПОЛУМАРАТОН Е ТРКА КОЈА ВЕЌЕ ПРЕРАСНА ВО ТРАДИЦИЈА.

СО СРЕЌА НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ, СЕ ГЛЕДАМЕ НА ЦЕЛТА!





# НАСАНИ

СЕКОЈ 1 МАРТ, ВО ЧЕСТ НА БАБА МАРТА И ДОАЃАЊЕТО НА ПРОЛЕТТА, СЕ ПЛЕТАТ УНИКАТНИ МАРТИНКИ, ЕДЕН ОД ОМИЛЕНИТЕ МОДНИ ДОДАТОЦИ КАЈ МЛАДИТЕ.
ДЕЧИЊАТА ОД ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" ВО КАВАДАРЦИ, ЗАЕДНО СО ВОСПИТУВАЧКИТЕ ИЗРАБОТЕНИТЕ МАРТИНКИ ХУМАНИТАРНО ГИ ДЕЛЕА НА СЛУЧАЈНИТЕ МИНУВАЧИ ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ МЕЃУ МИНУВАЧИТЕ КОИ СИ КУПУВАА МАРТИНКА СПОДЕЛУВАЈЌИ ЈА СРЕЌАТА НА НАЈМЛАДИТЕ И ОСТАВАА ПАРИ ВО РАМКИТЕ НА МОЖНОСТИТЕ, КОИ ЌЕ СЕ ИСКОРИСТАТ ЗА НОВ ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛ ВО ГРАДИНКАТА.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТЕН СОСТАНОК СО АМБАСАДОРОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА ВО МАКЕДОНИЈА Г-ДИН ЦАНГ ЅУО, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КИНЕСКА АМБАСАДА, КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КОМПАНИЈАТА POWERCHINA INTL.

ИАКО ОВА Е ВТОРА ПОСЕТА НА АМБАСАДОРОТ, ОВА БЕШЕ ПРВ СОСТАНОК ОД ВАКОВ КАРАКТЕР НА КОЈ МЕЃУ ДРУГОТО, БЕШЕ ИСКАЖАНА БЛАГОДАРНОСТА ЗА СОРАБОТКАТА СО КИНЕСКАТА КОМПАНИЈА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ КОИ ГИ ИМААТ ВО ОБЛАСТА НА ИНФРАСТРУКТУРАТА, ПАТОТ ФАРИШ – ДРЕНОВО. ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГОСТИТЕ БЕА ЗАПОЗНАТИ СО ЛОКАЛНОТО СТОПАНСТВО И ЕКОНОМИЈА, А СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ДИРЕКТНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КИНЕСКИТЕ КОМПАНИИ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ПО ОВОЈ СОСТАНОК СЕ ДОГОВОРИ УШТЕ ЕДНА БИЗНИС СРЕДБА, КОЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО ТЕКОТ НА ОВАА НЕДЕЛА.





# НАСТАНИ



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КОМПАНИИТЕ СИНОХИДРО И POWERCHINA INCL. СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА РАЗМЕНА НА МОЖНОСТИТЕ И ЗА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ НА КИНЕСКИ КОМПАНИИ ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА.

ДОБРЕДОЈДЕ ПРОЛЕТ!
ОВА Е НАЈУБАВИОТ ПЕРИОД ОД ГОДИНАТА, КОГА СОНЦЕТО Е СЕ ПОВЕСЕЛО, А ДЕЦАТА СЕ НЕСТРПЛИВИ ДА ГИ ИСПОЛНАТ ПАРКОВИТЕ СО ДЕТСКА СМЕА. ДЕЧИЊАТА ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА„ НЕ ИЗРАДУВАА СО ЦВЕТНО ДЕФИЛЕ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД, ПО ПОВОД ПРВИОТ ПРОЛЕТЕН ДЕН.





ПО ПОВОД 1 ВИ АПРИЛ, ДЕНОТ НА ШЕГАТА, ВО ПЕТОКОТ БЕШЕ ОРГАНИЗИРАН ЗАБАВЕН ХЕПЕНИНГ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД. ДЕЧИЊАТА ЗАЕДНО СО НИВНИТЕ ВОСПИТУВАЧКИ ОД ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА , БЕА МАСКИРАНИ И ПРЕКУ СМЕА И ШЕГА УЧЕСТВУВАА ВО ОВОГОДИНЕШНАТА АПРИЛИЈАДА. ВО ТЕКОТ НА ВИКЕНДОТ, СО ПОЧЕТОК ОД 11 ЧАСОТ, ДЕНОТ НА ШЕГАТА ГО НАЈАВИЈА И ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА.







ПОТПИШАН Е ДОГОВОР ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ, ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА ПРИВРЕМЕНА СЕИЗМОЛОШКА СТАНИЦА КОЈА ЌЕ БИДЕ ВКЛУЧЕНА ВО ПОСТОЕЧКАТА СЕИЗМОЛОШКА ТЕЛЕМЕТРИСКА МРЕЖА НА МАКЕДОНИЈА, УПРАВУВАНА ОД СЕИЗМОЛОШКАТА ОПСЕРВАТОРИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ. ПОДАТОЦИТЕ ОД ОВАА СЕИЗМОЛОШКА СТАНИЦА ЌЕ БИДАТ ИСКОРИСТЕНИ ЗАЕДНО СО ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОВЕЌЕ ОД 1500 СЕИЗМОЛОШКИ СТАНИЦИ (ОД ИТАЛИЈА, АВСТРИЈА, СЛОВЕНИЈА, ХРВАТСКА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, СРБИЈА, МАКЕДОНИЈА, УНГАРИЈА, РОМАНИЈА, БУГАРИЈА, ГРЦИЈА) КОИ СЕ ДЕЛ ОД ALPE ARRAY INITIATIVE, ПРОЕКТ ВО КОЈ ЌЕ СЕ ИЗУЧУВА ГЕОДИНАМИКАТА НА ЈАДРАНСКАТА ТЕКТОНСКА МИКРО ПЛОЧА.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Д-Р МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ ПАКОМАК ДОО, ПРЕД ЛОКАЛНИТЕ КОМПАНИИ КОЖУВЧАНКА ДОО, ТД-ТД ДООЕЛ, МИНЕКС ДОО, МАРКЕТ ДИЈАНА ДД, ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, КАМ ДОО, СТОКОМАК ДОО, ДРЕКСЛМАЈЕР МАНУФАКТУРИНГ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ И НЕВЛАДИНИТЕ ЕКО ЖИВОТ КАВАДАРЦИ, ЕКО ИНДИКАТОР КАВАДАРЦИ ГО ПРЕЗЕНТИРАШЕ НОВИОТ ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДНА ПЛАСТИКА И ОТПАДЕН МЕТАЛ (ОТПАДНИ ЛИМЕНКИ) ОДНОСНО ПОСТАВУВАЊЕ НА ВЕНДИНГ МАШИНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ПРЕЗЕНТИРАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ ПРЕД ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ КОМПАНИИ КОИ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ И ТРГУВААТ СО АМБАЛАЖА ОД ОТПАДНА ПЛАСТИКА И ОТПАДЕН МЕТАЛ (ОТПАДНИ ЛИМЕНКИ) Е СО ЦЕЛ ДА ИСТИТЕ ЗЕМАТ УЧЕСТВО ВО ИСТИОТ КАКО ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ.

ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ОТПАДНАТА ПАЛСТИКА И ЛИМЕНКИ ВО ЦЕЛОС СЕ СЕЛЕКТИРА И СОБИРА ВО ОВИЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ, А ЗА ТОА ГРАЃАНИТЕ НА АПЛИКАЦИЈА ДА ДОБИВААТ ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ ОДНОСНО ПО 1 ДЕНАР ЗА СЕКОЕ СЕЛЕКТИРАНО ШИШЕ ИЛИ ЛИМЕНКА.

НА ОВА ПРЕТСТОИ УШТЕ ЕДЕН СОСТАНОК НА КОЈ ЌЕ СЕ ДЕФИНИРААТ БРОЈОТ НА ВЕНДИНГ МАШИНИТЕ И КОМПАНИИТЕ КОИ ЌЕ ЗЕМАТ УЧЕСТВО ВО ОВОЈ СОВРЕМЕН ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТ.





# ОДЛУКА НА СОВЕТ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПО ОДЛУКА НА СОВЕТ, НА ИНИЦИЈАТИВА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, ЌЕ ИМ ИСПЛАТИ ПАРИЧНА НАГРАДА ВО ВИСИНА ОД 30.000 ДЕНАРИ НА ДЕВЕТТЕМИНА ПОЖАРНИКАРИ ЗА ВОНРЕДНО ЗАЛАГАЊЕ И ПОСТИГНАТИ ИСКЛУЧИТЕЛНИ РЕЗУЛТАТИ ВО РАБОТЕЊЕ КОИ БЕЗ РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗАМИНАА ВО СПАСУВАЧКА МИСИЈА ВО РЕГИОНОТ ПОГОДЕН ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА.

МОМЦИ УШТЕ ЕДНАШ ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВАШИОТ ТРУД И ПОЖРТВУВАНОСТ, ШТО ДОСТОЈНО ЈА ПРЕТСТАВИВТЕ НАШАТА ОПШТИНА И ВРЕДНОСТИТЕ НА СОЛИДАРНОСТ И ХУМАНОСТ, ПОСТАПУВАЈЌИ СО ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ ПОМАГАЈЌИ НА НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛСКИ НАРОДИ КОГА Е ТОА НАЈПОТРЕБНО.

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**